Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) преку програмата „ Одржливо граѓанско општество: државно финансирање на граѓанските организации
“ објавува
јавен повик за доделување на грантови
. Програмата ја имплементира МЦМС во соработка со Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (
БЦСДН
) и Центарот за информирање, соработка и развој на граѓанските организации од Словенија (
ЦНВОС
). Програмата е финансирана од Европската Унија.



Целта на овој повик е да овозможи **зајакнување на капацитети на граѓанските организации за транспарентно и отчетно работење**
. На овој повик може да се пријават организации кои се регистрирани согласно законот за здруженија и фондации и ги исполнуваат наведените критериуми во Упатството за аплицирање.

Целокупниот износ на финансиски средства кој е на располагање во рамките на овој повик **изнесува 75.000 евра. МинималеН износ** за кој може да се достави предлог проект **е 5.000 евра** (307,500 МКД) додека **максимален износ е 7.500 евра** (461,250 МКД)
.
За овој повик организациите кои ќе поднесат предлог проект **треба да обезбедат кофинансирање**
.

Рокот за поднесување на апликации е 15 мај 2018 г. до 17 часот. Апликациите се доставуваат на адреса: „Никола Парапунов“ бр. 41А, пошт. фах 55, 1060, Скопје и тоа по пошта по препорачано писмо, по курир или лично на рака. Една организација може да се јави како апликант во само една апликација.

Целокупните информации во однос на целите и очекуваните резултати од повикот, условите за аплицирање, подобните активности и начинот на аплицирање може да ги најдете во **Упатството за аплицирање** .

Самата апликација се состои од:

- Формулар за аплицирање ;
- Буџет ;
- Прашалник за самооцена на внатрешните организациски системи за управување ;
- Копија од тековна состојба не постара од 6 месеци;
- Копии од поднесени наративни и финансиски извештаи за 2016 и 2015 година;
- Копија од ревизиски извештаи.
- Како додадена вредност на апликацијата организациите се повикуваат да доставаат и копии од пишани документи и/или правилници за уредување на раководството во организацијата (поделба на органите, правила за раководење со човечки ресурси, правила за финансиско раководење, и сл.).

Преземете ги сите поставени прашања и одговори околу повикот за доделување на грантови .

Доколку имате проблеми околу преземањето и/или имате дополнителни прашања може да се обратите преку емаил на jch@mcms.mk со назнака: Референтен број: 11-208/2-2018. Освен поставување на прашања преку емаил, ќе се организира и **информ ативна сесија**
каде сите заинтересирани организации ќе имаат шанса одблизу да се запознаат со процесот на апликација и селекција. Дополнително, доколу имате прашања истите ќе може да ги поставите за време на сесијата и да добиете појаснување.
Информативната сесија ќе се организира во МЦМС на 26 април (четврток) 2018г. од 12 до 14 часот.
Ве молиме, Вашето присуство да го најавите на jch@mcms.mk најдоцна до 24 април 2018г.

Facebook event за информативната сесија: https://www.facebook.com/events/2040670746259025